**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5225 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** (*„Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма"*).
- **Член 75-б од Изборниот законик** (*„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект"*).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното време на новинарските прилози за актуелните настани од општествено - политичкиот живот во Република Македонија, методолошки селектирани во статистички примерок од вкупниот опфат на ТВ

Дневникот 2 (19 часот и 30 минути) на Првиот програмски сервис од Македонската телевизија, анализиран во десетте дена - од 12 до 21 октомври 2016 година, изнесува - 3 часа 24 минути и 8 секунди.

На 12 октомври, поради преноси од кошаркарски и од ракометни натпревари, за анализа е земен дваесетминутниот Дневник 2, со термин поместен од 20 часот. Од слични причини, на 16 октомври, изданието на Дневникот 2 почнува во 19 часот и 40 минути, а трае само десетина минути.

Парламентарните расправи за проекциите на државниот буџет за 2017 година, расправите за легислативната рамка што го одредува статусот и доменот на функционирање на Специјалното јавно обвинителство (кое, пак, во десетдневниот периодот на мониторингот отвори нови истражни постапки, од кои информативно најзастапена беше истрагата во Управата за безбедност и контраразузнавање во врска со аферата „Прислушкување"), сфатени како увертира пред клучните партиски дебати за распуштањето на Собранието, но и партиско-политичките средби што во прилог на квалитетен изборен процес во Скопје ги оствари Јоханес Хан, еврокомесарот за проширување на Европската унија - тоа беа актуелните теми околу кои гравитираа експертските анализи, новинарските вести и извештаи на кои им беше даден примат во ТВ Дневникот 2 од Првиот канал на Македонската телевизија, во десетдневниот анализиран период од 12 до 21 октомври 2016 година.

Консеквентно, кон овие приоритетни теми беа придодадени новинарските извештаи за роковникот на Државната изборна комисија и за предизборните подготовки на нејзината администрација, ставовите и заложбите на меѓународната заедница за демократски изборен процес, како и новинарски прилози поткрепени со експертска анализа за можните изборни коалицирања и претпоставки за носителите на изборните листи, евентуалните правни пречки за спроведување на изборниот процес поврзани пред сѐ со диспаритетот на гласачкото тело во постојните изборни единици.

Значително информативно време, преку опширни извештаи, посветено е на внатрешно-политичките заложби на Владата и Собранието, и на меѓународната заедница, за стабилизирање на балканската и на европската кризна состојба предизвикана од безбедносните најави за нови бранови политички бегалци и економски мигранти.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| СДСМ | 00:10:01 | 4,91 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:24 | 8,03 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:08 | 2,03 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:47 | 0,38 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:44 | 2,32 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:18:07 | 8,88 | % |
| Влада на РМ | 00:33:06 | 16,21 | % |
| Други субјекти | 00:36:20 | 17,80 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:12:39 | 6,20 | % |
| Без субјекти | 00:02:40 | 1,30 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:18 | 1,61 | % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:00:23 | 0,19 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:23 | 0,19 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:27 | 0,71 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:46 | 0,86 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:02 | 8,84 | % |
| Специјално обвинителство | 00:10:54 | 5,34 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:05 | 0,53 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:09:46 | 4,78 | % |
| Судство | 00:05:28 | 2,68 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:40 | 2,78 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:44 | 0,36 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:49 | 0,40 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:34 | 0,28 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:44 | 0,36 | % |
| Унитети | 00:00:38 | 0,31 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:38 | 0,31 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:56 | 0,46 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:18 | 0,64 | % |
| АРМ | 00:00:38 | 0,31 | % |
| | **Вкупно: 03:24:08** | **100** | **%** |

Освен опширниот извештај под наслов „*Македонија ги слави фудбалските херои*“, за пласманот на младинската репрезентација на ЕП во Полска, од другите новинарски обработени општествено-политички теми што не произлегуваат од работата на Владата и на Собранието, а се важни во процесот на консолидација на стандардите за македонското граѓанско општество, по минутажа и по начин на медиумска презентација можат да се издвојат извештаите: „*Светски ден на видот – Ограниченост во изборот на образованието*“; „*Повеќе права за лицата со посебни потреби*“; „*Потпишан анекс на колективниот договор помеѓу Синдикатот на полицијата и Министерството за внатрешни работи*“, како и извештаите од „*Панел-дискусија за улогата на жената во политиката*“ организирана од НВО „Цивил“, потоа од дебатите во прилог на – „*Ефикасна и отчетна администрација во општините*“, и од експертската правно-журналистичка средба за општествената улога на истражувачкото новинарство.

Мониторингот бележи две интервјуа во рамките на Дневникот 2: со Игор Дурловски, директор на МОБ, кој говори за „*Отворањето на новата концертна сезона*“, и со Мајк Зафировски, бизнисмен и кооснивач на економскиот самит „*Македонија 2025*“.

Во анализираниот десетдневен период, информативната редакција на МРТ1 главно во викенд изданијата на ТВ Дневникот 2 емитуваше четири новинарски осврта, претежно засновани врз сопоставени експертски ставови за различни актуелни општествено-политички теми: „*Хан со силна поддршка за одржување на изборите*“, „*Забраната за емитување (македонска музика) останува*“, „*Сеизмолошка опсерваторија при ПМФ - ниски плати, слаба екипираност, нема модернизација*“, „*Неонатологија – сигурност за рано детско здравство*“.

Од почетните датуми методолошки издвоени за анализа, па натаму низ работната недела (12-18 октомври), како што постапно се формализираат правно-политичките процедури од роковникот на Државната изборна комисија за организација на изборниот процес, така и во ТВ Дневникот 2 веќе чувствително се менува и новинарската и реципиентската визура за содржината и за јавната промоција на обмислените партиски активности. Новинарските извештаи во кои преку тонски цитати се истакнати поентите од предизборната партиска реторика од „*Протестниот марш на СДСМ*“, како и од партискиот собир на ВМРО ДПМНЕ во спортскиот центар „Борис Трајковски“ и од т.н. „*Викенд на партиска отчетност*“ (два настана што резултираа со зголемена минутажа за оваа партија), оставаат впечаток како да е предизборната кампања веќе почната, иако е нејзиниот период одреден и ограничен со Изборниот законик. И покрај таквиот начин на организација на партиските настани, МРТ1 сè уште се држи до известувањето за партиските активности преку основните облици на жанровите вест и извештај, со точно определување на изворите на информациите, на можните критички релации меѓу нив или со други, непосредно засегнати општествени институции и организации на државно и на локално ниво.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| СДСМ | 00:05:51 | 6,98 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:12 | 0,24 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:04 | 2,47 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:09 | 6,15 | % |
| Други субјекти | 00:18:15 | 21,78 | % |
| Влада на РМ | 00:14:51 | 17,72 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:57 | 8,30 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:27 | 7,70 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:18 | 1,55 | % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:00:28 | 0,56 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:57 | 1,13 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:20 | 8,75 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:36 | 4,30 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:26 | 0,52 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:41 | 4,40 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:30 | 1,79 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:31 | 0,62 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:55 | 1,09 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:16 | 0,32 | % |
| Судство | 00:01:15 | 1,49 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:10 | 0,20 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:26 | 0,52 | % |
| Унитети | 00:00:16 | 0,32 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:15 | 0,30 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:15 | 0,30 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:26 | 0,52 | % |
| | **Вкупно: 01:23:47** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На 13 октомври, во актуелно-информативната емисија „Акцент" дебатираат универзитетските професори Ненад Марковиќ и Александар Даштевски, а основната тема е – Распуштањето на Собранието, со поттеми: предлог-измените во законите по кои функционира Специјалното јавно обвинителство, релацијата Уставен суд – СЈО, значењето на работната посета на Јоханес Хан и средбите со официјалните државни, и со партиските политички фактори од Скопје, можностите за нов „Договор од Пржино", и очекувањата од есенскиот извештај на ЕУ за напредокот на Република Македонија. Реприза е емитувана на 14 октомври.

На 18 октомври (реприза на 19 октомври од 16 часот, и на 21 октомври од 1 по полноќ), изданието на актуелно-информативната емисија „Од наш агол", претставува дебата помеѓу Влатко Ѓорчев од ВМРО

ДПМНЕ и Марјанчо Николов од СДСМ. Тема се предвремените парламентарни избори, а учесниците во дебатата сопоставуваат ставови за спремноста на двете партии да се соочат со избирачкото тело.

На 20 октомври, од 20 часот премиерно (репризно на 21 од 15:45 часот) во емисијата „Акцент“ е емитувана дебата за состојбите во македонското образование, помеѓу претставници на четирите најголеми политички партии: Спиро Ристески, ВМРО ДПМНЕ, Петар Атанасов, СДСМ, Сафет Незири, ДУИ и Бардуљ Даути, ДПА.

***Сектор за програмски работи***